ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09 – 56/1

Дата: 10.01.2011

ДО

ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ „ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ - СЕНИЌ“ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ” – Скопје - сметка на основен буџет - 603, за 2009 година.

Ревизијата утврди дека е направен задоволителен напредок во имплементацијата на препораките од претходната ревизија за 2003 година со оглед на тоа што најголем број од препораките се имплементирани, односно 62% се спроведени, 13% делумно се спроведени и 25% не се спроведени.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ” – Скопје е констатирано следното:

- Извршена е трансформација на средношколскиот дом во државен студентски дом во 2005 година, а `сеуште истиот функционира и врши сместување на студенти и ученици (точка 4.2.1);
- Не е воспоставена организациска структура и процедури за работа, вршен е избор и прераспоредување на вработените на несоодветни работни места за кои не ги исполнуваат условите (точка 4.1.1, 4.1.2, 4.2.2 и 4.4.1 );
- Не е спроведен целосен и квалитетен попис на средствата и изворите на средства за 2009 година, а голем дел од ситниот инвентар на залиха од минати години стои неотпакуван во магацините и не се употребува (точка 4.2.5);

- Не се евидентирани новонабавени материјални средства во деловните книги на Домот (возило, мебел опрема) во 2008 и 2009 година во износ од 2.441 илјади денари;
- Евидентирани се објекти за кои не се обезбедени соодветни документи како доказ за правото на сопственост односно користење (точка 4.3.2 и 4.3.4);
- Во финансиските извештаи не се обезбедени целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите од финансиските промени и трансакции поради неуредно и неажурно сметководство што има за ефект неусогласеност на состојбите во деловните книги со официјалните финансиски извештаи за 781 илјади денари (точка 4.2.3, 4.2.4, 4.3.1);
- Неажурно и ненавремено подмирување на достасаните обврски кон добавувачите поради недомаќинско и ненаменско користење на средствата за што се исплатени 1.501 илјади денари од оваа сметка за главен долг, камата и трошоци на на водење судски постапки ( точка 4.3.9);
- Утврдени се недоследности во имплементацијата на Законот за јавни набавки и вршени се набавки на производи кои не се договорени или по значително повисоки цени над договорените (врска точка 4.4.2 до 4.4.5).

Со цел подобрување на состојбата во ДСД ревизијата дава препораки за воспоставување на организациска структура и процедури за работа, преземање на мерки за квалитетно и целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средства, водење на ажурно и уредно сметководство, навремено плаќање на достасаните обврски и набавките на стоки, услуги и работи да се вршат во количини и цени на производи согласно понудата и договорот.

Обрнуваме внимание дека во отсуство на критериуми за финансирање на дејноста во студентските домови што е во надлежност на Министерството за образование и наука, финансирањето не се врши на начин предвиден со Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, односно според реална економска цена за сместување и исхрана на студентите. Министерството не го известува Домот за одобрениот буџет по сметки, програми, потпрограми и ставки, со што создава неизвесност во плаќањето на обврските на истиот.

## Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 22 до 24 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје (во понатамошниот текст ДСД "Т.С. - Сениќ" - Скопје) - сметка на основен буџет - 603, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2003 година и издадени се извештаи за финансиските извештаи на ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Рамазан Шаќири – директор од 27.02.2008 година до 07.12.2009 година,
- Д-р Исмаил Абази, ВД директор од 07.12.2009 година до 17.04.2010 година, од кога е именуван за директор на ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје.

1.5 Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизијата, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот не води соодветни сметководствени евиденции, не е спроведен целосен и квалитетен попис на средствата и изворите на средствата, постои неусогласеност на деловните книги со официјалните финансиски извештаи, и

не се обезбедени целосни, вистинити и веродостојни документи како доказ за настанатите финансиски промени и трансакции. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување на ревизорско мислење за финансиските извештаи на ДСД "Т.С. - Сениќ" на ден 31 декември 2009 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.09.2010 до 29.10.2010 година кај ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година.

Од вкупно 16 препораки дадени во конечниот извештај на ОДР за 2003 година, од страна на ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје спроведени се 10 препораки, 2 препораки се делумно спроведени, не се спроведени 4 препораки (Табела бр.1). Наведеното укажува дека во ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје е направен задоволителен напредок во имплементацијата на дадените препораки во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година. ДСД "Т.С. - Сениќ" – Скопје треба да продолжи да ги имплементира и останатите препораки во дадените рокови.

**Табела бр.1. Статус на препораките на денот на вршењето на ревизијата**

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2003** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во %** |
| Спроведени | 10 | 62% |
| Делумно спроведени | 2 | 13% |
| Неспроведени | 4 | 25% |
| **Вкупно** | **16** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 02.11.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 22.11.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-153/7 од 22.11.2010 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 Во ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје не е воспоставена организациска структура и процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и контрола во согласност со член 7 став 1 ал. 6, 14 и 15 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Имено, раководното лице нема обезбедено поделба на одговорностите, јасни правила, права и обврски и нивоа на известување, и нема донесено процедури за овластување и одобрување, поделба на должностите, ex-анте и ex-пост финансиска контрола, процедури за целосно, точно, прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции. Поради наведеното постои ризик од ненаменска и незаконска исплата на средства.

**Препорака**

Раководителот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да воспостави организациска структура и процедури со кои ќе обезбеди функционирање, следење и развој на ефикасен систем на сигурен финансиски менаџмент и контрола.

4.1.2 Во ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје не е донесена процедура за регулирање на начинот и постапката за пресметка и исплата на плати. Вработените го евидентираат своето доаѓање и заминување од работа во системот за електронска евиденција и во рачната евидентна книга, при што ревизијата утврди дека дел од вработените во Домот во текот на 2009 година, воопшто не се евидентираат. Со извршената споредба на податоците кои се внесени во овие евиденции се констатира дека истите не се совпаѓаат во поглед на евидентираното присуство на вработените, времето на доаѓање и заминување од работа, отсуствата и работата во смени и празници. Ваквата

пракса има за резултат зголемен ризик од неточна пресметка и исплата на плата и надоместоци од плата за помалку одработени часови од полното работно време определено со закон и колективниот договор за јавниот сектор.

**Препорака**

Раководителот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да донесе процедура со кои ќе обезбеди ефикасно користење и следење на функционирањето на системот за електронска евиденција на оствареното работно време, да обезбеди веродостојна потврда на податоците од системот за електронска евиденција и податоците од рачната евидентна книга, која ќе служи како основа за пресметка и утврдувањето на висината на платите и надоместоците од плата согласно Законот за работни односи.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 Во 2005 година, по барање на Средношколскиот дом „Томе Стефановски Сениќ“ – Скопје, а заради целосно искористување на капацитетите, извршена е трансформација на Домот во државен студентски дом, за што донесен е заклучок од Владата на РМ, од 02.06.2005 година. По добиената согласност, УО на Домот донел Статут, Деловник за работа и други правилници и акти кои содржат одредби и се однесуваат на работењето на Домот како државен студентски дом. Меѓутоа, домот продолжил да функционира и да обавува дејност: сместување и исхрана и на студенти и на ученици, иако по трансформацијата, е должен да ги применува законските прописи и акти кои важат за студентски дом.

ДСД нема донесено акти за работа со ученици согласно Законот за ученичкиот стандард. Согласно извршената трансформација, во Правилникот за организација и систематизација на работните места од 2005 година, не се предвидени работни места за воспитно-образовна служба, односно било предвидено воспитно-образовната работа во домот да се извршува само во учебната 2005/06 година, кое е потврдено и со Правилникот за сместување и исхрана на студентите донесен во 2005 година.

Од страна на ДСД не се преземени никакави активности во изминатиот период во однос на статусот на воспитувачите, Домот продолжил да функционира како студентски и ученички дом, а во 2010 година извршена е измена и дополнување на Правилникот со воведување на нов сектор за воспитно-образовна служба со 7 извршители што е спротивно на статусот на Домот.

**Препорака**

МОН во иднина како надлежно министерство треба да преземе активности за функционирање на Домот само како студентски дом, а согласно на тоа, ДСД „Т.С. – Сениќ“ – Скопје да ја усогласи организацијата и систематизацијата на работни места.

4.2.2 Во текот на 2009 година директорот на Домот вршел вработување на лица и прераспоредување на претходно вработени лица на места за вршење на сметководствено-финансиски работи и прием и издавање на материјали, ситен инвентар и основни средства, кои не ги исполнуваат условите предвидени за извршување на работите и задачите на ваквите работни места во Правилникот за организација и систематизација на работните места. Исто така, одредени вработени по усмени наредби, без извршено прераспоредување од директорот, извршуваат задачи на други работни места кои не одговараат на потпишаниот договор за вработување или прераспоредување (администраторот обавува задачи кои треба да ги врши магационерот, референтот за исхрана и набавувач не ги извршува своите работни задачи односно во пракса извршува дел од задачите на магационерот). Со ваквиот начин на раководење и управување во Домот повредени се одредбите од Законот за работни односи, што има за резултат необезбедена одговорност, неуредност и неажурност во извршувањето на работните задачи посебно во делот на извршувањето на сметководствените и финансиските работи и ракувањето со средствата.

**Препорака**

Во наредниот период директорот на ДСД „Т.С. – Сениќ“ – Скопје да врши избор и прием на лица кои ги исполнуваат условите за извршување на работи и задачи на одделни работни места согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места, а прераспоредувањето да се врши со донесени решенија согласно стручната подготовка и квалификација на лицето и исполнување на општите и посебните услови за одделно работно место.

4.2.3 За извршување на сметководствените работи и изработка на завршната сметка за 2009 година, директорот на Домот, по спроведена постапка за набавка и предлог од комисијата за јавни набавки, склучил договор со фирма, која според решението од Централен регистар е основана на 10.02.2009 година со претежна дејност: производство на накит и сл производи, без да обезбеди одговорност од овластена стручна организација

за внесувањето и искажувањето на податоците во деловните книги и финансиските извештаи, согласно член 16 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и има за ефект нереално и необјективно искажување на податоците.

**Препорака**

Во наредниот период директорот на ДСД „Т.С. – Сениќ“ – Скопје да назначи одговорен сметководител кој ќе ги исполнува условите за извршување на сметководствени и финансиски работи. Доколку се одредува надворешен сметководител, при изборот на лицето во постапката за јавна набавка, како основен критериум да биде компетентноста.

4.2.4 Книгата на капитален имот не е ажурирана од 31.12.2007 година. Не се евидентирани набавени основни средства во текот на 2008 и 2009 година, ниту пак се внесени во деловните книги и финансиските извештаи. Според извршениот прием набавени се средства кои се однесуваат на: канцелариски мебел, информатичка и видео опрема, мобилни телефони, патничко возило, бронзена скулптура и друго.

Неевидентирањето на новонабавените основни средства со вкупна вредност од 2.441 илјади денари не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на позициите материјални средства и државен капитал.

**Препорака**

Одговорните лица во секторот за сметководствено-финансиски работи да ги евидентираат основните средства набавени во 2008 и 2009 година во деловните книги и прикажат во финансиските извештаи.

4.2.5 ДСД „Т.С. – Сениќ“ – Скопје не ги применува во целост одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници при вршењето на попис, што влијае на реалното и објективно прикажување на средствата во Билансот на состојба, поради следното:

- За градежните објекти не се изготвени пописни листи, врз основа на документи за сопственост, локација и големина на имотот.
- Основните средства не се обележани со инвентарни броеви, а шифрите кои се внесени во книгата на основни средства со состојба на 31.12.2007 година не се соодветни за споредба.

- Пописните листи за извршен физички попис на средствата (основни средства, залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар на залиха и во употреба) не се целосно пополнети и не ги содржат сите потребни податоци за усогласување помеѓу фактичката и книговодствената состојба, поради што не може да се потврдат пописните разлики (кусоци, вишоци) и предлогот за расход во извештаите за попис утврдени од страна на комисијата и прифатени со одлука од УО. Наведеното не е во согласност со одредбите од чл 31-а од Правилникот и член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Со извршен увид на лице место во магацините ревизијата констатира дека голем дел од ситниот инвентар на залиха потекнува од минати години и е спакуван во пакети како што е набавен и истиот не се употребува со години наназад. Исто така, дел и од дадениот ситен инвентар во употреба стои неотпакуван во пералната на Домот. На ваков начин во изминатите години од 1995-2008 година се потрошени средства за набавка на големи количини на одделни артикли кои не се во функција.
- Не е извршен попис на книгите во библиотека и уметничките слики, чија вредност според состојбата на 31.12.2008 год изнесува 1.345 илјади денари.
- Не е извршен попис на побарувањата и обврските од страна на комисијата за попис на парични средства во благајната, побарувањата и обврските, на начин пропишан во чл 31-в од Правилникот, односно не се обезбедени информации (документација) за правниот основ на постоењето и точноста на состојбата на 31.12.2009 година, дали и какви мерки се преземаат за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години и кои се причините за неизмирените обврски према добавувачите.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да преземе мерки за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно законските прописи.

4.2.6 Извршена е пресметка на амортизација на опремата за 2009 година со примена на единствена стапка за сите средства, на набавна вредност искажана со состојба на 31.12.2007 година во износ од 4.201 илјади денари, што не е во согласност со член 21 од Правилникот и член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект необјективно и нереално искажување на вредноста на опремата во деловните книги и финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица за финансии и сметководство да изготват нова пресметка на амортизација со примена на пропишаните стапки на набавната вредност на опремата потврдена со попис и извршено усогласување на книговодствената со стварната состојба на 31.12.2009 година, согласно законските прописи.

4.2.7 Не е извршена годишна ревалоризација на опремата за 2009 година со индексот на пораст на цените на производителите на индустриски производи што не е во согласност со член 28 став 1 од Правилникот и член 20 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект необјективно и нереално искажување на вредноста на опремата во деловните книги и финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица во секторот за сметководствено-финансиски работи да извршат ревалоризација на опремата согласно законските прописи.

## 4.3 Финансиски извештаи

4.3.1 Деловните книги не се водат на начин пропишан во Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради следното:

- Податоците кои се внесени во деловните книги и во финансиските извештаи не се целосни и комплетирани, навремени и ажурни и не се презентирани хронолошки според временскиот редослед на нивно настанување.
- Почетните состојби на главната книга на почетокот на фискалната година не се исти со заклучните состојби на крајот на претходната година.
- На крајот на 2009 година дневникот и главната книга не се отпечатени и поврзани и не се потпишани од овластеното лице на ДСД и одговорниот сметководител.
- Поголем дел од внесените податоци во деловните книги не се засновани врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.
- Проценувањето на билансните позиции во финансиските извештаи не е извршено врз основа на утврдените состојби на средствата и изворите на средства во бруто билансот и заклучниот лист со состојба на 31.12.2009 година.

- Во Билансот на состојба утврдена е разлика во активата и пасивата во однос на деловните книги за 781 илјади денари и утврдени се поединечни разлики во искажаните средства (тековни и постојани) и изворите на средства.
- Искажаните расходи по групи во Билансот на приходи и расходи не се усогласени со состојбите во деловните книги на соодветните групи на конта за тековната 2009 година.

Поради напред наведеното ревизијата утврди дека не постои соодветна сметководствена документација и финансиските извештаи не обезбедуваат целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиските промени и за финансиските трансакции што не е во согласност со член 12, 14, 18, и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака**

Во наредниот период одговорниот сметководител и директорот на ДСД да обезбедат уредна и комплетна сметководствена документација која ќе биде предмет на книжење во деловните книги, а финансиските извештаи да се изготвуваат врз основа на состојбите на средствата и изворите на средства, како и приходите и расходите, искажани во бруто билансот и заклучнот лист за соодветната фискална година.

**Биланс на состојба**

4.3.2 Во деловните книги и во Билансот на состојба, на ден 31.12.2009 година, евидентирани се градежни објекти со сегашна вредност од 88.730 илјади денари, за кои не е извршено усогласување со документи од Агенцијата за катастар на недвижности, ниту по вид, ниту по квадратура односно не се обезбедени имотни/поседовни листови. Во март 2008 година ДСД има доставено барање до Владата на РМ за утврдување и запишување на сопственоста на недвижен имот – објекти на РМ, во кое е побарано Владата на РМ да донесе Одлука за утврдување на сопственоста на објектите на РМ – корисник ДСД и да се задолжи ДЗГР да изготви геодетски елаборат и објектите да се запишат во катастарот на недвижности според фактичката состојба. До завршувањето на ревизијата не е добиен писмен одговор.

Необезбедувањето на релевантни докази за потврда на искажаната сметководствена вредност на градежните објекти не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и не обезбедува објективно и реално прикажување на билансните позиции на ДСД.

**Препорака**

Одговорните лица во ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да обезбедат имотни листови од Агенцијата за катастар на недвижности за носителот на правото на сопственост, односно користење на земјиштето и објектите кои се користат во установата за вршење на дејноста од јавен интерес.

4.3.3 ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје како државна институција – корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижни ствари на начин пропишан во член 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што и не се доставени податоци од внатрешната евиденција до ДЗГР во предвидениот рок (до 15.02.2006 година). Субјектот не доставил податоци за сметководствената вредност на недвижни ствари со состојба на 31 декември тековната година, како и податоци за промените во внатрешната евиденција односно промени кај вредноста на недвижните ствари што не е во согласност со член 88 и 89 од истиот Закон. Исто така, ДСД не доставил податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи со состојба на 31 декември во тековната година што не е во согласност со член 90 од истиот Закон.

Ваквата состојба придонесува за необјективно и нереално прикажување на билансните позиции на ДСД, како и немање сознание за вкупната вредност на недвижни ствари со кои располага РМ.

**Препорака**

ДСД да воведе евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи јавната установа и да достави податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31.12.2009 година до АКН и податоци за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користат до МФ.

4.3.4 ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје е должен, согласно член 15 став1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост, да обезбеди чување и заштита на стварите, нивно економично и соодветно користење, а согласно став 2 од истиот член истите треба да се осигураат во согласност со прописите за осигурување. ДСД извршил осигурување на градежни објекти и опрема на набавна вредност на средствата искажана според книгата на капитален имот и бруто билансот со состојба на 31.12.2007 година, односно не ги земал во предвид и не ги осигурал набавените основни средства во 2008 и 2009 година во вредност од 1.319 илјади денари. Ваквиот начин на работење

може да има за ефект губење на основно средство во случај на евентуална несреќа и неможност за надомест на штета.

**Препорака**

Одговорните лица во ДСД во наредниот период да вршат осигурување на целокупниот имот (недвижни и движни ствари) со кој располага Домот.

4.3.5 Во деловните книги и финансиските извештаи за 2009 година не е искажана вредност на ситниот инвентар на залиха и во употреба. Сметководствената евиденција (финансова и материјална) на ситниот инвентар е водена до 31.12.2007 година со тоа што во деловните книги и Билансот на состојба за 2008 година е искажана вредност на ситен инвентар во употреба од 5.981 илјади денари. Извршени се набавки на ситен инвентар во вкупен износ од 843 илјади денари кои не се евидентирани во деловните книги и финансиските извештаи за 2008 и 2009 година. Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите од член 6 до 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за резултат необјективно и нереално прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи, а неводењето на евиденција за задолжување и раздолжување со ситен инвентар и неспроведувањето на квалитетен попис создава можност од злоупотреба во ракувањето со инвентарот.

**Препорака**

Одговорните лица за финансии и сметководство да ја ажурираат сметководствената евиденција (финансова и материјална) на ситниот инвентар и да ги искажат состојбите на ситниот инвентар на залиха и во употреба во деловните книги и финансиските извештаи.

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.6 Со извршената споредба на пријавените ученици и студенти во барањата од ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје до МОН во однос на реалниот број на сместени студенти во Домот е констатирана разлика во месец јуни 2009 година, и тоа: кај студентите повеќе за 77, а кај учениците повеќе за 85. Со примена на износот на партиципацијата согласно Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот односно ученичкиот стандард се добива вредност на повеќе повлечени средства од буџетот за 645 илјади денари, што не е во согласност со член 56 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, член 37 од Законот за буџетите и член 2 од Законот за извршувањето на буџетот за 2009 година.

**Препорака**

Во наредниот период одговорните лица во Домот да доставуваат барања за одобрување на финансиски средства од Буџетот на РМ преку МОН врз основа на реалниот број на студенти и ученици сместени во Домот.

4.3.7 Во 2009 година извршени се плаќања за реновирање на осум бањи во апартмани во павилјон за студенти на втори спрат во вкупен износ од 349 илјади денари (од сметката на основен буџет во износ од 290 илјади денари и од сметката на буџетот од самофинансирачки активности во износ од 59 илјади денари). Во фактурата се наведени извршени работи по видови без количина и цена односно на вкупен износ како во договорот. Кон фактурата има прилог на градежна книга на која на местото инвеститор е потпишан управителот на Домот без овластување од директорот како одговорно лице. Не е извршен надзор над работите, ниту прием со записник за примопредавање. Необезбедувањето на веродостојна документација со која ќе се потврдат исплатените средства не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 37-в од Законот за буџетите, што создава ризик од незаконска и ненаменска исплата на средства.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да врши исплата на обврски према добавувачите врз основа на уредни, комплетни и веродостојни сметководствени документи.

4.3.8 Во текот на 2009 година извршени се плаќања по судски решенија на име главен долг, камата и трошоци за постапка во вкупен износ од 5.848 илјади денари (од сметката на основен буџет – 603 во износ од 1.501 илјади денари, од сметката на основен буџет – 631 во износ од 568 илјади денари и од сметката на буџетот од самофинансирачките активности - 787 во износ од 3.779 илјади денари). Одлевањето на наведените средства за исплата на затезни камати и трошоци за вршење на постапката од трите сметки кој изнесува 1.304 илјади денари претставува дополнителен товар на буџетот на Домот, односно средства кои можеле да се искористат за намена која би била во насока на остварување на основната функција на Домот. Дополнително, извршните судски решенија доведуваат до состојба на повеќемесечно блокирање на сметката на Домот, при што истиот е попречен во континуираното извршување на секојдневните активности како во поглед на обезбедување на

извршувањето на основната дејност, така и во поглед на остварување на должностите и обврските кон своите вработени. Причините за ваквите трошоци се во неажурно и ненавремено подмирување на достасаните обврски кон главните добавувачи и недомаќинското и ненаменско користење на средствата.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да определи лице за следење на реализацијата на достасаните обврски со цел нивно навремено и ажурно подмирување заради елиминирање на трошоците за судски и извршни постапки и затезни камати и обезбедување непречено функционирање на работата на Домот.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

### Исплатени средства на вработените по пресметка на плати

4.4.1 Во текот на 2009 година вршена е пресметка и исплата на плати на вработени кои се распоредени на работни места кои како такви не постојат односно не се предвидени со Правилникот за организација и систематизација на работните места и Правилникот за работа и утврдените коефициенти за пресметка и исплата на плата. Ваквата состојба има за ефект ненаменски потрошени средства од сметката на основниот буџет во вкупен износ од 592 илјади денари (од сметката на буџетот од самофинасирачки активности 120 илјади денари).

**Препорака**

Одговорните лица во Домот да извршат усогласување на работните места на кои се распоредени работниците и нивните коефициенти за пресметка и исплата на плата со Правилникот за организација и систематизација на работните места и Правилникот за работа на Домот.

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на

економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 15 постапки за јавни набавки спроведени во 2009 година, и тоа: 10 постапки со барања за прибирање на понуди без објавување на оглас и 5 отворени постапки со објавување на оглас. Вредноста на склучените договори од ревидираните постапки изнесува 14.446 илјади денари и претставува 79% од вкупната вредност на доделените договори во 2009 година, што изнесува 18.269 илјади денари.

Со ревизијата утврдивме недоследности во следните случаи:

4.4.2 Во 2009 година исплатени се средства, од сметката на основниот буџет и од сметката на буџетот од самофинансирачки активности, во вкупен износ од 571 илјади денари, за набавка на производи (стоки) и користење на услуги од повеќе добавувачи, за кои не е спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со одредбите од член 16, 17 и 27 од ЗЈН.

4.4.3 Со извршениот увид во евиденциите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди и досиејата од спроведени постапки за јавни набавки (отворена постапка), од избраниот примерок, во вкупен износ од 14.446 илјади денари, утврдени се поединечни неправилности, кои се однесуваат на следното:

- Во одлуката за јавна набавка не е утврден предметот на набавка по вид и количина.
- Не постои потврда дека по извршениот избор во законски предвидениот рок, се известени понудувачите.
- Склучени се договори за јавна набавка во рок пократок од 12 дена, сметајќи од денот на приемот на одлуката за извршен избор или пред истекот на рокот за жалба.
- Договорниот орган не ја поништил постапката за доделување на договор за јавна набавка и склучил договор со избраниот кандидат, иако не е пристигната ниту една прифатлива понуда, односно доставените понуди од сите економски оператори за учество во постапката не одговараат на предметот на набавката определен во тендерската документација.
- При постапката за набавка на градежно-занатски работи, договорниот орган извршил делење на набавката на повеќе посебни договори со пониска вредност односно спроведени се 3 поединечни

постапки до 5.000 евра без објавување на оглас наместо да се спроведе постапка за јавна набавка согласно Законот.

- Договорите за набавка на стоки, услуги и работи не ги содржат сите суштински елементи кои се предмет на договорот за јавна набавка согласно Законот за облигационите односи.
- Склучени се договори со избрани понудувачи кои не се регистрирани како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка.
- Евалуацијата на понудите не е извршена согласно Методологијата за изразување на критериумите во бодови, поради што не е избрана најповолната понуда.

Спроведувањето на јавни набавки без комплетна, уредна и веродостојна документација по горе наведените основи не е во согласност со член 2 од ЗЈН, во насока на обезбедување на конкуренција, еднаков третман на економските оператори, транспарентност и интегритет, што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака**

Одговорното лице кај договорниот орган и комисијата за јавни набавки да превземат мерки за обезбедување на комплетна, уредна и веродостојна документација со која ќе се потврди регуларноста и законитоста во спроведувањето на постапките за јавни набавки во наредниот период и да обезбедат јавност и транспарентност.

4.4.4 Директорот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје не определил лица или организациски облик за вршење на работите поврзани со следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, што е од посебно значење во случаи кога се врши сукцесивна испорака на производи и услуги, и не е во согласност со член 29 став 2 од ЗЈН.

**Препорака**

Директорот на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје да определи лица или организациски облик за вршење на работите поврзани со следење на реализацијата на договорите за јавни набавки на стоки, услуги и работи.

4.4.5 Со извршената споредба на производите по вид и цена по кои се фактурирани одделни прехранбени артикли од добавувачите во однос на

видот и цената на производите во склучените договори согласно понудата и тендерот, се констатирани неправилности, и тоа:

- Извршени се набавки на прехрамбени артикли по цени кои се над договорените цени во понудата, а во одделни случаи дури и над малопродажните цени во трговијата на мало за што незаконски се потрошени средства во износ од 596 илјади денари.
- Извршени се набавки на прехрамбени артикли кои воопшто не се претходно договорени во понудата и тендерот (по дополнителни понуди или без никаков писмен документ, или склучен анекс договори за кои нема доказ за корекција на цените односно нивно зголемување), за што незаконски се потрошени средства во износ од 601 илјади денари.
- За склучените анекс договори со одделни добавувачи за набавка на прехрамбени производи врз основа на барања од добавувачите, а во одделни случаи и без доставено барање од субјектот, без претходно обезбедена документација за исполнување на условите за промена на цените на производите во смисла на зголемување на цените над 3% од вредноста искажана во понудата (прилог на известување – соопштение од ДЗС за промена на цените на стоките и без проверка и записник од комисијата за јавни набавки дали ги исполнуваат условите за промена на цената на производите во смисла на зголемување на цените над 3% од вредноста искажана во понудата).

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 129 став 2 од ЗЈН и има за резултат ненаменско и незаконско трошење на средства.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точките 4.1, 4.2, 4.3 и 4.4. погоре, а кои се однесуваат на невоспоставена организациска структура и процедури за работа, неуредно и неажурно сметководство, неточни податоци во финансиските извештаи, нецелосен и неквалитетно извршен попис на средствата и изворите на средства, евидентирани објекти за кои не се обезбедени соодветни документи како доказ за правото на сопственост односно користење, неевидентиран ситен инвентар на залиха и во употреба, ненаменски исплати на средства по пресметка на плати, одлевање на средства за камати и трошоци за постапка по судски решенија заради ненавремено подмирување на обврските, неспроведени постапки за јавни

набавки, извршени набавки на производи кои не се договорени или по значително повисоки цени над договорените и нецелосна имплементација на одредбите од Законот за јавни набавки при спроведувањето на одделни постапки, ревизијата не изразува уверување за реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2009 година.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. од овој извештај, ние не бевме во можност да добиеме достатни, соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје - сметка на основен буџет - 603, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ДСД „Т.С. - Сениќ“ - Скопје - сметка на основен буџет - 603, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

**Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

Обрнуваме внимание на следното:
Министерството за образование и наука како надлежно министерство за организирање, спроведување и надзор над вршењето на дејноста на студентскиот стандард кај студентските домови, вклучувајќи го ДСД „Т.С.- Сениќ“ - Скопје, во изминатиот период голем дел од надлежностите што се однесуваат на финансирањето на оваа дејност не ги врши на начин предвиден со Законот за ученичкиот и студентскиот стандард, а кои значително влијаат на функционирањето и ликвидноста на ДСД, и тоа:

- Во периодот од 2003 заклучно со 2009 година, МОН нема донесено нови Критериуми за финансирање на дејноста во студентските домови, односно последен акт е донесен на 26.06.2003 година, што не е во согласност со член 58 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард според кој финансискиот план на МОН да се базира на

реалните трошоци утврдени со нормативи и стандарди за услугите за сместување и исхрана на студентите.

- За учебната 2008/09 и 2009/10 година нема утврдено поединечни и реални економски цени за сместување и исхрана, туку истите се утврдуваат како заедничка цена за сите студентски домови во Програмите за остварување и развој на дејноста на студентскиот стандард, за 2008 и 2009 година, што не е во согласност со член 37 став 1 од Законот.
- МОН нема доставено извадок од годишен финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки за одобрени средства на ДСД што не е во согласност со член 6 став 2 од Законот за извршување на буџетот на РМ за 2009 година. Ваквата состојба влијае на планирањето на расходните ставки за тековната година според потребите и приоритетите на Домот.

Скопје, 29.12.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 16.647 | 14.643 |
| Приходи од отплата на заеми | 0 | 13 |
| **Вкупно приходи** | **16.647** | **14.656** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 11.573 | 11.650 |
| Стоки и услуги | 4.309 | 2.649 |
| Каматни плаќања | 425 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 80 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **16.387** | **14.299** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 260 | 357 |
| **Вкупно капитални расходи** | **260** | **357** |
| **Вкупно расходи** | **16.647** | **14.656** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 982 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **982** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 27.192 | 27.192 |
| Материјални средства | 89.874 | 99.207 |
| **Вкупно постојани средства** | **117.066** | **126.399** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **118.048** | **126.399** |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 982 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **982** | **0** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 117.066 | 126.399 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **117.066** | **126.399** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **118.048** | **126.399** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **126.399** | **-** | **126.399** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **9.333** | **-** | **9.333** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 9.333 | | 9.333 |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **117.066** | **-** | **117.066** |